


Мицкоски: Додека Стево се прави Мајка Тереза му стигна одговор од американската Фридом хаус која го потсети дека е дел од корумпираниот систем

Фридом хаус со шамар за ДУИ и СДСМ и лицето кое збор не кажа и нема храброст да зуцне против нив, затоа што очекува поддршка од нив за претседателската трка, туристот Стево. Додека Стево се прави Мајка Тереза му стигна одговор од американската Фридом хаус. И го потсетија дека е дел од корумпиран систем, рече претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски на вечерашниот митинг во Кичево.

Мицкоски додаде дека Пендаровски е лице и опачина од една иста горчлива приказна.

„И така некако Пендаровски цел свој мандат ќе остане запаметен како човек без свое јас. Ќе ве потсетам освен тоа што ги аминуваше сите штетни договори на двоецот ДУИ – СДСМ по кои две работи ќе остане Стево запаметен. Првата работа, дека Гоце Делчев бил Бугарин и втората, дека ако не бил претседател и тој ќе се иселел од Македонија ајде да му помогнеме на 24 април да почне со пакување на куферите, а потоа на 8 мај слободно нека се сели“, му поруча Мицкоски на Пендаровски.

Мицкоски укажа дека актуелниот претседател Пендаровски во суштина е кукавица иако како што рече се пенави.

„Го слушам Стево пред некој ден во град на границата со нашиот источен сосед се пенави, излегува храбро, а во суштина е кукавица пред тие малкумина кои се уште му аплаудираат. Им вели се сеќавате во 2019 што ви кажав дека ќе победиме, и така им вели, и сега ако не победиме првиот круг очи не сакам да ви видам. Тоа е Стево полтронот, измеќарот на Али Ахмети и останатите. Зарем тој човек ја заслужува народната волја“, праша Мицкоски.

Мицкоски посочи дека имајќи го предвид ова треба да се гласа за Сиљановска Давкова, затоа што на Македонија и треба претседател, а не измеќар.

„Затоа потребно е масовно да се излезе и да се гласа за професорката Гордана Сиљановска Давкова која е решението за претседател на Македонија. Жена со принципи која непоколебливо верува во правдата, во вредностите и во Македонија. Која има свој став, и таа до крај се бори за него, затоа што верува во него. Гордана Сиљановска Давкова покажа лојалност кон своите принципи и е еден од најдобрите експерти и познавачи на уставното право и политичкиот систем, работи кои овие години најмногу ги газеше оваа власт. На Македонија и треба претседател а не измеќар на ДУИ“, кажа Мицкоски.